СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 20/2015

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ( „Сл. Весник на РМ број 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14), Министерот за земјоделство шумарство и водостопанство донесе

# Ц Е Н О В Н И К
# ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТАТА НАНЕСЕНА НА РИБИТЕ

## Член 1

Со овој ценовник се пропишува висината на надоместокот на штетата нанесена на рибите предизвикана од труење, загадување, односно прекумерно заматување на риболовните води како и за незаконско посегање по рибите.

## Член 2

Висината на надоместокот на штетата нанесена на рибите изнесува:

1. За полово зрели единки, во рамки на пропишаната големина на рибите под која не смеат да се ловат:

| Вид на риба | денари/килограм |
|---|---|
| сите видови пастрмки | 3000 |
| крап | 600 |
| амур | 600 |
| толстолобик | 600 |
| сите видови мрени | 400 |
| лињак (линиш) | 1000 |
| смуѓ | 1000 |
| скобуст (бојник) | 300 |
| клен | 300 |
| писа | 400 |
| црвеноперка | 300 |
| попадика (еѓупка) | 400 |
| караш | 200 |
| костреш (перкија) | 400 |
| белвица (плашица, нивичка) | 200 |
| кркушка | 300 |
| сом | 1000 |
| штука | 600 |
| јагула | 1000 |
| загрозени, забранети и заштитени видови | 4000 |
| останати видови риби | 300 |

2. За подмладок и во случај рибите да се под пропишаната големина под која не смеат да се ловат:

| Вид на риба | денари/килограм |
|---|---|
| сите видови пастрмки | 7500 |
| крап | 1500 |
| амур | 1500 |
| толстолобик | 1500 |
| сите видови мрени | 1000 |

| | |
|---|---|
| лињак (линиш) | 2500 |
| смуѓ | 2500 |
| скобуст (бојник) | 750 |
| клен | 750 |
| писа | 1000 |
| црвеноперка | 750 |
| попадика (еѓупка) | 1000 |
| караш | 500 |
| костреш (перкија) | 1000 |
| белвица (плашица, нивичка) | 500 |
| кркушка | 750 |
| сом | 2500 |
| штука | 1500 |
| јагула | 2500 |
| загрозени, забранети и заштитени видови | 10000 |
| останати видови риби | 750 |

**Член 3**

Овој ценовник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-419/2
20 јануари 2015
Скопје

Министер за Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
м-р Михаил Цветков с.р